28221

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ЕКРАН
Скопје
30. X. 1981 . 572. 50,

# РУБЕНС КОРУБИН:

## ЈАС ГО СЛЕДАМ ТОА SВОНО

Рубенс Корубин е млад македонски сликар. Ликовна академија и постдипломски студии има завршено во Белград, во 1976 година, во класата на професорот Младен Србиновиќ. Од 1977 до 1979 година престојува во Париз, каде работи кај професор Јанкел. Сега живее и работи во Скопје.

На неодамна отворената изложба на Сојузот на друштвата на ликовните уметници на Југославија во Скопје Рубенс ја доби една од наградите за млади творци од фондот



„Моша Пијаде". Тоа беше повод за овој разговор со него:

**— Како се чувствуваш по добивањето на оваа награда?**

● Се чувствувам добро, се разбира. Наградите се и еден вид реклама. Да слушнат луѓето за некого. Освен тоа, постои и паричен дел од таа награда, што не е безначајно, особено во нашава средина, каде што тешко се живее од сликарство. Едно вакво признание може да биде и стимул. Не мислам во смисла на стимул за понатамошна и поактивна работа. Јас ќе сликам и со награди и без нив. Таа претставува стимул како интересирање на општеството за поединецот. Покажува дека работата на еден сликар во оваа средина не е глува работа. Помога во развивањето на односот меѓу поединецот и општеството. Всушност, наградите се и единствениот контакт на сликарите со општеството. Тоа треба да е поинаку.

**— Деновиве те немаше во Скопје.** Дали беше некаде да сликаш?

● Бев во Штип. Таму се отвара Биенално студио за цртеж. Се свртува вниманието кон цртежот. Тој доаѓа во центар на интересирањето. Луѓето таму имаат желба да повикаат ликовни уметници да цртаат, и тоа е добро. Во Домот на културата има добро ателје и добри услови за работа. Се престојува таму, се црта и се остава некоја трага. Тоа е добро, навистина.

**— Рече дека кај нас тешко се живее од сликарство!**

● Точно е тоа. Иако јас засега немам проблеми од тој вид. Сè уште сум без семејство, така што финансиите не се поставуваат како проблем. Од друга страна, слободен сум целосно да му се посветам на сликарството. Инаку, сите купувачи ми се драги. Штом им се допаѓа некоја слика, тоа мене нешто ми значи.

**— И на крај, кои се твоите преокупации во моментов?**

● Јас немам некои преокупации, некои определби. Имам во себе претстава за тоа како треба да изгледа добра слика и го следам тоа звоно. Најважен ми е звукот на сликата. Тоа да биде нешто како повик, како крик.(В.К.)